## Огласи

3. Составен дел на ова Решение е Геодетски елаборат за фактичка состојба на бесправно изградени објекти и делови од објекти бр. 1201/129/03 од 31.3.2011 година, изработен од ГЕОПРЕМЕР КАЉКОВ ДООЕЛ Скопје.

4. По правосилноста на ова Решение истото претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, а при запишувањето се прибележува дека објектот добил статус согласно Законот за постапување на бесправни изградени објекти.

Образложение

Барателите Китановски Сашко од Скопје и Китановски Драги од Скопје поднесоа барање Бр. 28-3/4112 од 31.10.2024 година, за промена на барател во постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект покрената по барање на Китановска Марика од Скопје, со УП1 Бр.28 - 1548 од 8.4.2011 година.

Согласно член 5-б од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 174/21), овој орган донесе Заклучок за промена на барател со Бр. 28-3/4112-2 од 13.11.2024 година со кој се одобрува барањето на Китановски Сашко и Китановски Драги за промена на барател во постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект семејна куќа, означен на КП 48/1 КО Маџари и КП 51/3 КО Маџари.

Барателот со барањето достави:

- Копии од лични карти и сметки за јавни услуги;
- Геодетски елаборат за фактичка состојба на бесправно изградени објекти бр. 1201/129/03 од 31.3.2011 година, изработен од ГЕОПРЕМЕР КАЉКОВ ДООЕЛ Скопје;
- Имотен лист бр. 66389 од 12.12.2024 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности;
- Имотен лист бр. 70045 од 19.5.2025 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности;
- Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КП број 48/1 КО МАЏАРИ со број 1107 - 2970/2024 од 13.5.2024 година, издадено од Агенција за катастар на недвижности;
- Уверение за историски преглед на извршените запишувања за КП број 51/3 КО МАЏАРИ со број 1107 - 3852/2025 од 22.5.2025 година, издадено од Агенција за катастар на недвижности;
- Изјава од Китановски Сашко од Скопје, заверена на нотар Дарко Стојкоски заведена под УЗП број 5198/2025 во Скопје на 19.3.2025 година;
- Изјава од Китановски Драги од Скопје, заверена на нотар Дарко Стојкоски заведена под УЗП број 5172/2025 во Скопје на 18.3.2025 година;
- Барање за промена на барател од Китановски Сашко од Скопје и Китановски Драги од Скопје со Бр.28-3/4112 од 31.10.2024 година;
- Решение за законски наследници на оставина Он.нов.бр.3668/24 УДР.бр.62/24 заверено на нотар Сихана Зибери Шабани, на ден 30.10.2024 година во Скопје.

Овој орган по службена должност:

- Изврши увид на лице место и состави записник за извршен увид УП1Бр. 28-1548 од 31.10.2011 година и констатира дека објектот претставува градежна функционална целина.
- Утврди дека објектот се наоѓа на КП 48/1 КО Маџари запишана во Имотен лист бр. 66389, каде како носители на правото на сопственост на земјиштето се Мустафа Исмаил од Скопје и Република Македонија и КП 51/3 КО Маџари запишана во Имотен лист бр. 70045, каде како носители на правото на сопственост на земјиштето се Мустафа Аљуш Исмаил од Скопје и Република Македонија.
- Изготви Заклучок за промена на барател со Бр.28-3/4112-2 од 13.11.2024 година.
- Прибави известување со број 1161-1231/3 од 24.4.2025 година, издадено од Агенција за катастар на недвижности.
- Прибави одговор по известување со број 11-3575/3 од 17.6.2025 година, издаден од Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката-Скопје.
- Утврди дека се исполнети стандардите за геомеханика, односно од Советот на Општина Гази Баба не е донесена одлука за потенцијално нестабилна зона во подрачјето каде што се наоѓа бесправниот објект.
- Издаде Урбанистичката согласност УП1Бр. 28-1548 од 3.7.2025 година.
- Доказ за платен надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект извршен на 16.2.2026 година.

Градоначалникот на Општина Гази Баба, по разгледување на приложената документација, извршениот увид на лице место, увидот во урбанистичката согласност, констатира дека се исполнети условите за донесување на Решение за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство:

Против Решението на градоначалникот на Општина Гази Баба за утврдување на правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Таксата согласно со Законот за административни такси со износ од 250 денари е наплатена и приложена со барањето.

Општина Гази Баба
Градоначалник,
Бобан Стефковски, с.р.
(12946)

## КОНКУРСИ

### КОНКУРС
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ

Врз основа на член 34 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), Министерството за правда распишува Конкурс за именување на 17 (седумнаесет) извршители:

- подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основниот суд Делчево – еден извршител;
- подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен- три извршители;
- подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготиноа - два извршители;
- подрачјето на Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево – три извршители;

**Огласи**

- подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка – еден извршител;
- подрачјето на Основен суд Тетово – два извршители;
- подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар – пет извршители.

1. Кандидатот за извршител треба да ги исполнува условите предвидени во членот 33 од Законот за извршување, и тоа:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е деловно способен и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни судии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- да има положено правосуден испит;
- да има положен испит за извршител;
- да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- активно да го владее македонскиот јазик;
- да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и
- да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, доказ за работно искуство односно потврда за работно искуство на правни работи по завршување на правни студии, уверение за положен испит за извршител, уверение за положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршните работи и изјава заверена кај нотар за својата имотна состојба.

3. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на Конкурсот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител, предвидени во членот 33 од Законот за извршување, се поднесуваат писмено до Комората на извршители на Република Северна Македонија.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков, с.р.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### ОГЛАС
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 04294/2026**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН
I.1) Податоци за договорниот орган
**I.1.1) Назив на договорниот орган: Општина Кичево**
I.1.2) Адреса: „Борис Кидрич“ бр.1
I.1.3) Град и поштенски код: Кичево - 6250
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Станоја Станојоски, адреса на е-пошта: stanojoski.stanoja@gmail.com, телефон/факс: 045/223-001
I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат на горенаведената адреса
I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:
Органи на единиците на локалната самоуправа - Општи јавни услуги.

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**
**Изградба и одржување на електрична мрежа и јавно осветлување во Општина Кичево за период од една година**
II.1.1) Проценета вредност без ДДВ: 2.500.000,00
II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Работи - Изведување
II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: Територија на Општина Кичево
II.3) Секторски договор: Не
II.4) Централно тело: Не
II.5) Групна набавка Не
II.6) Електронски каталог: Не
II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:
Изградба и одржување на електрична мрежа и јавно осветлување во Општина Кичево за период од една година
II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да
Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник
Шифра Опис
45200000-9 - Активности за целосна или делумна изградба и изведување на градежни работи
50232100-1 - Услуги за одржување на улично осветлување
II.9) Делива набавка: Не
II.10) Рамковна спогодба: Да
Рамковна спогодба помеѓу повеќе договорни органи Не
Рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор
Времетраење на рамковната спогодба Период во години: 1
II.11) Алтернативни понуди Не
II.12) Времетраење на договорот:
Период во месеци: 12
II.13) Претходна проверка на пазарот? Не.

ДЕЛ III: ПОСТАПКА
III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка
III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не